Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-33
## Датум: 11.05.2023 година

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________20____ год.
Потпис,
____________

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| , претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>**2. ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 08.05.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 11.05.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра: 90.02) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура бр. 57-33 од 04.05.2023 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста бр. 21-5252/1 од 02.05.2023 година, во којашто е наведено дека корисникот КУД Гоце Делчев нема доставено наративен и финансиски извештај за реализација на проектот „Поставување на Источна Македонија и Повардарие“ (**Забелешка:** Во Барањето за надзор, поради техничка грешка, како проект е наведен „Концертна ноќ - Јубилеј 75 година на КУД Гоце Делчев-Валандово“). Надзорот е предвиден и во Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за месец мај 2023 година, бр. 57-188/5 од 04.05.2023 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК).**

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **50.000** денари (од вкупно доделените 100.800 денари), согласно со Договорот бр. 21-3638/3 од 14.04.2022 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ” бр. 102/2019)

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.- По поднесената Пријава бр. УП1 20-3001 од 10.11.2021 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2022 г. од областа на фолклорот, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-3001/2021 од 02.03.2022 г., прифатен е проектот на КУД Гоце Делчев: „Поставување на Источна Македонија и Повардарие", а за негова реализација доделени се средства во износ од 100.800 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-3638/3 од 14.04.2022 г., со којштo одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од **100.800 денари**, наменети за реализација на „Поставување на Источна Македонија и Повардарие" и тоа за следните намени: хонорар за авторот, костимографија за потребите на поставкатаа, нова женска носија (10 комплети) и костимографија за потребите на поставката, нова машка носија (10 комплети). КУД Гоце Делчев доставил Барање за префрлање на средства за проектот, бр. 21-3638/2 од 05.04.2022 г., со Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (со намена за хонорар за авторот - 40.000 денари и изработка на костимографија – 60.800 денари), како и Изјава за наменско користење на средствата, согласно со обврската од член 3 став (1) од Договорот со МК.

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 21-3638/4 од 20.05.2022 г., МК превело на жиро сметката на КУД Гоце Делчев (во Стопанска банка АД-Скопје) 50.000 денари, како аванс за реализација на проектот.

10.2.- При надзорот е констатирано дека КУД Гоце Делчев не го реализирал проектот „Поставување на Источна Македонија и Повардарие". Според изјавата на

претседателот  проектот не е реализиран од причина што во комуникацијата со соодветниот Сектор при Министерството за култура, во ноември 2022 г., му било посочено дека доколку до 15.11.2022 г. не почнал со реализација на проектот, тогаш воопшто да не го реализира. Според изјавите од вработените од соодветниот Сектор во МК, на претседателот на КУД Гоце Делчев му е посочено на одредбата од член 5 став (1) од Договорот со МК, согласно со којшто „Корисникот е должен да го реализира проектот заклучно со 20.11.2022 година, а по исклучок, доколку постојат објективни и оправдани причини, корисникот може по претходна писмена согласност на Министерството, проектот да го реализира заклучно со 31.12.2022 година". До МК не било доставено никакво писмено барање од страна на КУД Гоце Делчев за пролонгирање на рокот за реализација на проектот до 31.12.2022 година.

10.3.- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека КУД Гоце Делчев не доставил Наративен и финансиски извештај од причини што проектот воопшто не е реализиран.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, констатирана е следната неправилност во работењето на субјектот на надзорот:**

- **Проектот „Поставување на Источна Македонија и Повардарие" не е реализиран, што не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата (според кој проектите избрани на годишните конкурси треба да се реализираат до крајот на тековната година), односно, согласно со член 5 став (1) од Договорот со Министерството за култура, бр. 21-3638/3 од 14.04.2022 г. (според кој КУД Гоце Делчев бил должен да го реализира проектот заклучно со 20.11.220 година, а по исклучок, по претходна писмена согласност на МК, да го реализира заклучно со 31.12.2022 година). За реализација на проектот на КУД Гоце Делчев авансно му се преведени средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, во износ од 50.000 денари.**
- **За утврдената неправилност од аспект на примена на член 66 став (1) од Законот за културата, како и член 5 став (1) од Договорот, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка: ќе биде донесено решение со опомена со**

**коешто субјектот на надзорот ќе биде опоменат во определен рок да ја отстрани утврдената неправилност, односно, да постапи согласно со член 66 став (2) од Законот за културата, според којшто, ако проектот не биде завршен до крајот на тековната година, носителот на проектот е должен да ги врати на Министерството за култура средствата добиени на конкурсот.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Нема.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>виш инспектор | |
| Датум: | 11.05.2023 г. | Датум: | 11.05.2023 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk